

# Главните аспекти на преработката на Регулативата Брисел 1-бис (I)

***Роберта Рибеиро Ортел,***
*Предавач на ЕИЈА Луксембург*

# Содржина

- Вовед
- Главни аспекти
  на Регулативата Брисел 1-бис
- Основни одредби за надлежноста

# Вовед – Регулативата Брисел 1 (ЕК) бр. 44/2001

## Што е „Регулатива Брисел 1“?

- Регулативата Брисел 1, Регулатива на Советот (ЕК) бр. 44/2001 од 22. декември 200 г. за јурисдикцијата, признавањето и спроведувањето на пресудите од граѓанска и стопанска материја, поставува заеднички ЕУ правила за јурисдикцијата во граѓанските и стопанската материја и на тој начин појаснува кој суд е надлежен при меѓународен спор

- Регулативата исто така содржи правила на ЕУ што го унапредуваат извршувањето на пресудата донесена во судовите на некоја од земјите членки на ЕУ во трета земја

# Регулатива Брисел 1 (ЕК) бр. 44/2001

- **Најважниот инструмент на ЕУ за спроведување пресуди донесени во граѓанската и стопанската материја**
  - прогласување на т.н. „Принцип на заемно признавање на пресуди од граѓанската и стопанската материја“
  - Применлива во Данска од 1. јули 2007 г. исто
  - Конвенцијата од Лугано 1988/2007 (земјите од ЕАСТ)
- **Изјава за извршност под недефинирани правила (декларативна постапка позната како потврдување)**
- **Стапи на сила на 1. март 2002 г.**

# Главни аспекти на Регулативата Брисел 1-бис

- **Регулатива (ЕК) бр. 1215/2112 за судската надлежност, признавањето и извршувањето на пресудите од граѓанската и стопанската материја (преработена)**

# Обврзувачката природа на Регулативата Брисел 1-бис

- Автоматски применлива
- Судовите мораат да ги применуваат правилата од Регулативата независно од тоа дали е побарано од страните
- Следствено, на пример, доколку лице со постојан престој во Белгија е тужено во суд во Франција, врз основа на член 14 од францускиот Граѓански законик, и ја оспорува јурисдикцијата на тој суд и без повикување на одредбите од Регулативата, судот мора во секој случај да го примени член 4 и да изјави дали има надлежност

# Регулативата Брисел I-бис (РБ1-бис) - Толкување

- Во контекст на одлука донесена во претходна постапка, Судот на правдата на Европската Унија (ЕСП) ја толкува РБ1-бис како обрзувачка, но не може да ги смета правилата содржани во неа за неприменливи, ниту пак да одлучува за ставовите истакнати во нив, како на пример, за националните законски регулативи
- Само судовите смеат да побараат од ЕСП да одлучи по одреден предмет
- Самостојно толкување
  - подразбира дека најголемиот дел од замислите истакнати во Регулативата треба да се толкуваат само во контекст на истата и според европското законодавство, а не според националните законски регулативи

# Материјален опсег на Регулативата Брисел 1-бис

- „Граѓански и стопански прашања“? – Регулативата не дава дефиниција на овие поими

- Дефиницијата е многу широка и се однесува на граѓански и деловни прашања каква и да е природата на судот или трибуналот (граѓански и стопански трибунали во земји каде постојат и управни трибунали)

- Образложение (10) – сите главни граѓански и стопански прашања освен определени строго утврдени прашања:
  - Особено обврските за одржување
  - Исклучоците од опсегот (чл. 1.2)

# Исклучоци од опсегот на Регулативата Брисел 1-бис

- јавните приходи, царинските или административните прашања
- Статусот на физичките лица, правата кои произлегуваат од брачната заедница и другите врски меѓу граѓани кои имаат слично правно дејство
- Стечајни постапки
- Социјална заштита
- Арбитража
- Тестаменти, оставински постапки вклучувајќи ги и обврските за одржување кои произлегуваат по основ на смрт на лице
- „*acta  iure imperii*“ –  одговорност за дела и недостатоци при спроведувањето на надлежностите на државата

# Дефиниција на пресуда – член 2

- „Пресуда“ значи која било пресуда донесена од суд или од трибунал на некоја земја членка, без оглед на тоа како е наречена пресудата, вклучувајќи и декрет, одлука, решение или налог за извршување, како и утврдувањето на трошоците или расходите од страна на службеник на судот.

- За целите на Поглавје III, „пресуда“ се однесува и на привремени, вклучително и заштитни мерки, изречени од страна на суд или трибунал кој во согласност со Регулативата има надлежност да одлучува по такви прашања

- „Судска спогодба“ подразбира склучување спогодба која била одобрена од страна на суд на земја-членка или се склучила во суд на земја-членка во текот на постапката

# Дефиниција на изворен инструмент – чл. 2

- Регулативата овозможува да се спроведува веродостоен инструмент доколку истиот е спроведлив во земјата членка од која потекнува – чл. 58
- Во новиот текст постои дефиниција за „веродостоен инструмент“ (новиот чл. 2, в) – вообичаено тоа претставува документ заверен од страна на службено лице како нотар или впишан во Јавен регистар
- Постапката за признавање и спроведување на таквиот инструмент е иста како и за одлуките (чл. 58,1)
- Спроведлива спогодба која настанала како резултат на медијација може да се спроведува според оваа одредба

# Основни одредби за јурисдикцијата



# Хиерархија на јурисдикцијата

- **Некои надлежности имаат предност пред другите**

- **Подолу се наведени правните критериуми коишто треба да се земат предвид:**

а) Посебната надлежност која произлегува од природата на предметот и местото на живеење немаат предност над исклучивата надлежност и пренесената надлежност;

б) Пренесената надлежност нема предност над

Ексклузивна јурисдикција

с) Посебната надлежност која произлегува од природата на предметот и оригиналната се можни алтернативи.

# Основи за јурисдикцијата - преглед

- Посебната надлежност која произлегува од природата на предметот: поврзана со осигурување, договори склучени од страна на потрошувач и прашања сврзани со индивидуални договори за вработување
- Посебна надлежност (чл. 7): во прашања поврзани со договори, договори за купопродажба на стоки, обезбедување услуги, граѓански парници, деликти и квази-деликти, дејства кои произлегуваат од вршење кривични дела и ограноци на компании
- Исклучива надлежност (чл. 24) – без разлика на домашната адреса на страните: во постапки кои ги засегаат права на управување со имот или закупи во недвижен имот, прашања поврзани со основањето/престанокот на постоење на правни лица, итн.
- Пренесувањето на надлежноста/со можност истата да биде исклучива (чл. 25/26 - договор за судска надлежност)

# Општи правила за јурисдикцијата

- „лицата со постојано место на живеење во некоја земја членка, без оглед на нивното државјанство, се тужени во судовите на таа земја членка.“ – чл. 4. 1)
  - *Actor sequitur forum rei*

- Група тужени страни: во судовите во местото каде што кој било од нив има постојано место на живеење, под услов тужбите да се толку тесно поврзани што би било целисходно сослушувањата и одлуките за нив да се прават заеднички за да се избегне ризикот од неусогласени пресуди како резултат на одделни постапки (чл. 8.1)

- Противтужба тужба поднесена од страна на тужениот во одговор на тужбата на тужителот; во духот во кој се одлучува по првичната тужба (чл. 8.4)

# Утврдување на местото на живеење

- Местото на живеење како поврзувачки фактор – близината на местото каде се води постапката до земјата членка
- Регулативата не нуди дефиниција на „место на живеење“
- Местото на живеење на физичкото  лице мора да го утврди судот кој одлучува по постапката врз основа на националните закони на неговата земја (чл. 62)
  - место на престој = „центар на интересите“ (семејство, работа, даноци, имот)
- Друштво или друго правно лице или здружение на физички или правни лица има постојано место на живеење во местото на неговото: законски регистрирано седиште, централна управа или главно место на дејност (чл. 63)

# Специјална и заштитна надлежност

- Постојат посебни правила на надлежност во бројни ситуации и некои од нив обезбедуваат задолжителни или барани основи, додека другите се дискрециски

- Многу од правилата се создадени да ѝ обезбедат заштита на страната која се смета како послаба во правните односи

- Главните техники за обезбедување заштита подразбираат барање „послабата страна“ да биде тужена единствено во судовите на државата во која таа страна има место на живеење и да ѝ се обезбеди на таквата страна избор да тужи во суд на државата во која таа има место на живеење

# Специјална и заштитна надлежност

- Член 10 до 16 – во предмети поврзани со осигурување

- Член 17 до 19 – во предмети поврзани со договор склучен од страна на потрошувач (утврден како поединец кој дејствува со регистрирана дејност или професија)

- Член 20 до 23 – во предмети поврзани со индивидуални договори за вработување

  - Пренесување на јурисдикцијата главно се дозволува во ваквите случаи единствено по изникнувањето на спорот

# Правила во посебната надлежност

- Посебна јурисдикција
- Член 7 – Договори, престапи, деликти и квази-деликти, дејства кои произлегуваат од сторени кривични дела, ограноци на компании




- граѓанска тужба за враќање, врз основа на сопственост, на предмет од културата покрената од страна на лицето кое се повикува на правото да му биде вратен таквиот предмет, во судот во местото во кое тој предмет од културата е сместен во времето во кое судот постапува по случајот;

  - лице што има постојано место на живеење во една земја членка може да биде тужено во друга земја членка:

# Толкување од страна на СПЕУ

- **Во врска со прашања поврзани со член 7 од Регулативата Брисел 1-бис (член 5 Рег. Брисел 1)**
  - Каде чл. 7 ја разгледува содржината на предметот, чл.  4 се занимава со тужениот
  - Раководителите на јурисдикциите наведени во чл.7  се пожелни во интерес на обезбедување правна сигурност
  - Чл. 7 мора да се разгледува одделно, по своите сопствени одлики
  - Но, толкувањето не може да ги надмине случаите изрично предвидени во чл. да се избегнува
  - Разликата меѓу „купопродажба на стоки“ и „обезбедување услуги“ е разјаснета во предмет на ЕСП (види ги следните слајдови)

# Предмет C-381/08, Car Trim GmbH против KeySafety Systems Srl

- **Јурисдикција за прашања во врска со договор**
  - Утврдување на местото на извршување на обврската
- **Критериуми за разграничување меѓу „купопродажба на стоки“ и „обезбедување услуги“**
  - Прв чекор: да се утврдат обврските кои го карактеризираат конкретниот договор
    - единствено договори во кои се бара добавување на стоки може да се сметаат за договори за купопродажба на стоки
    - Обврската за пренос на имот е клучен елемент

# Предмет C-386/05, Color Drack GmbH

- Во насока на делотворно организирање на постапката, при што постојат неколку места на доставување на стоките, „местото на извршување“ мора да се разбере, во целите на применување на одредбата која се разгледува, како местото со најблизок сврзен фактор меѓу договорот и надлежниот суд.
- Судот кој поседува надлежност да ги ислуша сите тужбени барања засновани на договорот за купопродажба на стоки е оној кој има надлежност врз главното место на достава кое мора да се определи врз основа на стопански критериуми.
- Во отсуство на таков суд, тужителот смее да го покрене постапка против тужениот во судот на местото на достава одбрано од страна на тужителот.

# Сложени договори и мешани договори

- **Во форма од два или повеќе елементи:**
  - На пр., договори за трговски агенти, договори за дистрибуција, франшизи, развој на софтверски програми и апликации, дизајн на интернет страници и на нив овозможени услуги за обезбедување пристап, инвестициски банки итн.
  - Различните замисли и разбирања за поимот „услуги“

- **Предмет C-533/07 *Falco Privatstiftung***
  - Договор со кој се доделуваат права од интелектуална сопственост
  - Носителот на правото на интелектуална сопственост му го доделува на својот договорен партнер правото да го користи првоспомнатото право во замена за определен паричен надомест.

# Cormann-Colins (C-9/12)

- **Се однесува на тоа дали Член 5(1)(б) од Регулативата Брисел 1 бр 44/2001, кој се однесува на договори за купопродажба на стоки и договори за обезбедување услуги, е применлив за договори за дистрибуција.**

- **Концептот за „договор за дистрибуција“ не е дефиниран во рамките на правото на Европската унија и најверојатно би се однесувал на различни состојби предвидени во законите на земјите членки**

- **ЕСП истакна дека**
  - класифицирањето мора да се заснова на обврските кои го карактеризираат предметниот договор како што се:  долгорочнот договор, исклучивоста, паричниот надомест итн.
  - договорите за дистрибуција се вид на договори за обезбедување услуги

# Правила при посебната надлежност – деликт/престап

- Престапи, деликти и квази-деликти – „судовите надлежни за местото каде штетниот настан се случил или е возможно да се случи“ се надлежни во ваквите постапки – Чл. 7. 2
- Значењето на ова правило беше разјаснето во предметот на ЕСП Bier против Mines de Potasse d’Alsace - бр. 21-76 – одлука донесена на 30. ноември 1976 г.
- Ова правило му обезбедува дискреција на тужителот меѓу судот надлежен според посебното правило и судот надлежен во домашната адреса на тужениот според општото правило



# Дали имате прашања?

**Со задоволство ќе Ви помогнеме.**